

# Поставување на раката кај децата почетници по пијано







Проф. д-р Милица Шкариќ

- Децата почетници по пијано се делат на две возрасни групи:
- 1) деца од предучилишна возраст (најчесто 4 и 5 години)
- 2) деца од училишна возраст (6 и повеќе години)

- Кај двете возрасни групи најдобро е раката да се постави преку технички вежби кои користат елементи на импровизација под водство на наставникот.
- Вежбите се свират:
- **со стоење** (кај деца до 8 години), кое им овозможува слободно да се движат и да го спознаат целиот инструмент уште од самиот почеток. Кога детето стои, обично клавијатурата му доаѓа на правилна висина, а раката и рамениците му се опуштени;
- без следење на нотен текст, со што детето целосно се посветува само на позицијата на раката и свири низ целата клавијатура. (Децата од училишна возраст паралелно учат песни од ноти, додека децата од предучилишна возраст учат само со свирење по слух и импровизација, подоцна и со графички картички).


YAMAHA





- Раката се поставува преку:

  - вежби со имитација на животни како:

- фламинго/штрк;
- жаба;
- гасеница/полжавче;
- Гледање низ закоруглени раце;
- Вежби за различните броеви на прсти;
- Црни клавиши (интервалски пристап со секунда и мали кластери):
- Два црни клавиши (2 и 3 прст)
- мечка (три црни клавиши 2, 3 и 4ти прст, а понатаму без трети прст)

Децата и сами можат потоа да прават комбинации од овие елементи, како следнава вежба „волк“ составена од секунди и терци на црни и бели клавиши.



- Откако ќе се совладаат секундите и терците, се преминува на кварти и квинти на црни и бели клавиши низ целата клавијатура. Квартите се свират со 1 и 4 или 2 и 5ти прст.
- По нивно совладување може да се направи сопствена етида од првите пет интервали:



- Потоа рацете ги менуваат улогите.



Вежба „Папагал“ за репетиција на ист тон:
Преку изучување на репетиција врз ист тон, со посебно држење на шаката се имитира клунот на папагалот и пердувите на неговата глава. Овој креативен начин на совладување на оваа техника е многу успешен и омилен кај децата. Се свират комбинации со 1 – 2 прст, 1 – 3 прст, 1 – 4 и 1 – 5 прст.






- Потоа се свири со двете раце од пошироко растојание кон нивно сретнување врз принципот на огледување. Истите начини се повторуваат со репетиција врз ист тон со 3, 2 и 1 прст.



- Вежба „Еж“ за свирење на кратки хроматски елементи нагоре и надолу со 1 и 2 прст, потоа 1 и 3 и 1 и 4ти праст.



- Потоа се свири хроматика со први и трети прст со двете раце во спротивни правци нагоре и надолу. Се продолжува со хроматско свирење на групата од три црни клавиши со 1, 4, 1, 3, 1, 2 и 1 прст нагоре и надолу преку принципот на огледување.



Вежба „Желка“ за совладување на подметнување на палецот. Додека трите долги прсти притискаат кластер врз двата или трите црни клавиши, палецот се подметнува под секој од нив. Потоа, истото го прават двете раце заедно по принципот на огледување.



- Вежба „Бубамара и рак“ за преметнување на прсти: третиот прст преку четвртиот или трети преку вториот прст. (барокен прсторед опишан во трактатот на К. Ф. Е. Бах)

